**До: Педагошка служба при Министерството за образование и наука**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Примено: / Pranuar: 06-04-2026
Орг. Един. / Njësia Org.: 26 | Број: / Numër: 350 | Прилог: / Shtojcë: 15 | Вредност: / Vlerë:

Предмет: Мислење од Рецензентска комисија за ракописите за учебници по предметот Македонски јазик за VIII одделение во деветгодишното основно образование.

Почитувани,

Согласно Решението бр. 26-350/1 од 23.03.2026 година за формирање рецензентска комисија за ракописите за учебници по предметот Македонски јазик за VIII одделение во деветгодишното основно образование, како членови на Рецензентската комисија, констатираме дека ракописот со шифра бр. 2, со вкупна оцена 4, ги задоволува барањата во сите подрачја. Во насока на подобрување и поедноставување на ракописот, сметаме дека ракописот треба да претрпи одредени корекции кои нема да влијаат врз целокупната оценка на ракописот со шифра бр. 2.

Ракописот за учебникот по Македонски јазик за VIII одделение со шифра бр. 2 е комплетно и внимателно осмислено наставно решение. Со јасно дефинирана структура, ракописот создава целосно функционален систем кој ги развива способностите на учениците за практична примена на знаењето, каде што учениците се поттикнуваат на самостојност, индивидуалност и критичко размислување. Генерално, ракописот е добро балансиран, иновативен и со јасен фокус на обработка на содржините и им овозможува на учениците самостојно користење. Следствено на тоа, ракописот со шифра бр. 2 се препорачува како висококвалитетно наставно средство за изучување на предметот Македонски јазик за VIII одделение во основното образование, кое ќе ја поддржи целокупната едукација и личен развој на ученикот. Поради сето наведено и земајќи предвид дека ракописот со шифра бр. 2 позитивно се издвојува и отстапува од аспект на квалитет од останатите два ракописа и се истакнува по својата уникатност, како и забелешките во деталното образложение за сите три ракописи, **Комисијата дава позитивно мислење за ракописот со шифра бр. 2 и го препорачува за користење во наставата по предметот Македонски јазик за VIII одделение во основно образование**.

Во прилог ги доставуваме образложенијата за сите ракописи, обрасците за вреднување и забелешките.

Членови на Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Венко Андоновски ____________________
2. проф. д-р Славица Велева ____________________
3. д-р Александра Лазаревска ____________________

Скопје, 6.4.2026 година